FINANCETHINK OUT OF THE BOX

# Како против невидливите но секојдневни предизвици на неактивните жени на пазарот на труд во Северна Македонија?



Овој бриф нуди сеопфатен преглед на неактивноста на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија, со фокус на културните норми, родовите стереотипи и ставовите кон работата. Анализата, основана на податоците од Европското истражување на вредностите, открива клучни фактори кои влијаат на неактивноста, како што се образованието, брачната состојба и присуството на деца. Резултатите покажуваат значајни разлики во влијанието на овие фактори во зависност од возраста и образованието на жените, при што родовите стереотипи и културните очекувања играат критична улога во ограничувањето на нивната активност на пазарот на трудот.

**Бриф за политиките**
**бр. 69**

**Препорачуваме зголемена поддршка за домаќинките и негувателките преку флексибилни работни аранжмани и услуги за грижа за деца, промовирање родова еднаквост и отстранување на родовите стереотипи, како и подобрување на образовните можности и квалификации на неактивните жени.**

## Проблем:

## Ниско учество на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија

Жените во Северна Македонија имаат ниска стапка на учество на пазарот на трудот, која изнесува 42,8%, што е под глобалниот просек од 48,7% и под просекот на Европската унија од 52,3%. Пандемијата ја влоши ситуацијата, со значителен пад на женското учество од 46,6% пред кризата. Во споредба, стапката на учество на мажите е значително повисока, околу 62%.

Ниското учество на жените е резултат на повеќе фактори: ограничена поддршка за детска грижа, недостапност на флексибилни работни аранжмани, културни бариери, и зголемени домашни обврски. Оваа ситуација води до неисполнет економски потенцијал, што негативно влијае врз економскиот раст и продуктивноста. Зголеменото учество на жените на пазарот на трудот е важно за постигнување родова еднаквост, економска стабиност на семејствата и подобрување на социјалната благосостојба.

Иако законодавната рамка во Северна Македонија предвидува закони и стратегии за подобрување на учеството на жените во економијата, постојат значителни предизвици во нивното спроведување, како што се недоволните мерки за поддршка при родителско отсуство и ограничените услуги за детска грижа.

## Цел

Целта на овој бриф е да се ги претстави причините за неактивноста на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија, врз основа на анализата на културните норми, родовите стереотипи, и индивидуалните ставови кон работата, како и личните и семејните карактеристики на жените. Преку податоци, истражуваме како овие фактори заемно влијаат на учеството на жените во работната сила, со посебен фокус на грижата за децата и домашните обврски.

## Податоци и методологија

Во анализата ги користиме податоците од Европското истражување на вредностите (ЕИВ) од 2019 година за Северна Македонија, кое обезбедува информации за социјалните и културните вредности на 1.117 лица постари од 18 години. За разлика од традиционалните анкети, кои се фокусираат на вработеноста, ЕИВ ни овозможува да испитаме како културните норми и родовите стереотипи влијаат на учеството на пазарот на трудот.

Методолошки, користиме факторска анализа и анализа на главни компоненти за да ги идентификуваме клучните фактори што влијаат на неактивноста, како што се ставовите за работа, дискриминација, родови стереотипи, и традиционални улоги. Потоа, користиме пробит-модел за да ја процениме веројатноста за неактивност, земајќи предвид различни демографски и социо-културни фактори.

## Наоди

### ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА НЕАКТИВНОСТА НА ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Идентификувавме 4 фактори кои придонесуваат за неактивноста на жените на пазарот на трудот:

1. Првиот фактор, кој објаснува 57,8% од варијансата, се однесува на родовите стереотипи, дискриминацијата и културните норми за грижа за децата. Овој фактор покажува дека **вкоренетите општествени перцепции за родовите улоги и дискриминацијата врз основа на пол играат клучна улога во ограничувањето на учеството на жените во работната сила.**

2. Вториот фактор, со 37,5% од варијансата, ги опфаќа ставовите кон работата и нормите за грижа



за децата. **Позитивните ставови кон работата ги мотивираат жените да се вработат,** додека негативните ставови и традиционалните одговорности за грижата за децата ги одвратуваат од активност на пазарот на трудот.

3. Третиот фактор ги опфаќа културните норми за грижата за децата, што покажува дека **приоритетите поврзани со домашните одговорности силно влијаат врз учеството на жените на пазарот на трудот.**

4. Четвртиот фактор се однесува на домашните обврски, кои традиционално се перципираат како женски задачи, што дополнително го ограничува нивното време и можности за вработување.

Овие фактори ја нагласуваат важноста на културните и родовите стереотипи во обликувањето на учеството на жените на пазарот на трудот.

## ДЕТЕРМИНАНТИ НА НЕАКТИВНОСТ НА ЖЕНИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Нашата анализа откри дека родот игра значајна улога во неактивноста на пазарот на трудот во Северна Македонија. **Жените се изложени на поголема веројатност да бидат неактивни во споредба со мажите, со зголемена веројатност од 8,8% до 22,3%,** што се должи на традиционалните родови улоги, особено улогата на домаќинка. Ова го нагласува влијанието на социјалните и културните норми што ги форсираат жените да се посветат на семејните и домашните обврски, наместо на професионален ангажман.

Образованието се покажа како значаен фактор кој ја намалува веројатноста за неактивност. Жените со повисоко ниво на образование имаат помала веројатност да се откажат од работата заради семејни или други причини. Ова укажува дека образованието обезбедува економска сигурност и поголема слобода за жените да останат активни на пазарот на трудот.

Брачната состојба е исто така важен предиктор. Бракот, генерално, ја намалува веројатноста за неактивност, веројатно поради финансиската стабилност што ја носи брачната заедница. Сепак, присуството на деца во домаќинството може да ја зголеми веројатноста за неактивност, иако овој ефект не е секогаш статистички значаен. Ова покажува дека, иако децата ги зголемуваат обврските во домаќинството, ова не е секогаш доволно силен фактор да ги извади жените од пазарот на трудот, туку зависи од дополнителни околности како поддршка и финансиска сигурност.

Здравствената состојба е уште еден важен фактор, при што лошото здравје ја зголемува веројатноста за неактивност. Ова е очекуван резултат, бидејќи болест или инвалидитет се често наведувани причини за повлекување од работната сила.

Кога ги разгледавме родителските фактори, откривме дека образованието на таткото има заштитен ефект врз неактивноста на испитаникот, што укажува дека семејното потекло игра улога во можностите за активност на пазарот на трудот. Меѓутоа, образованието на мајката и статусот на вработеност на родителите за време на адолесценцијата не се покажаа како значајни фактори, што покажува дека влијанието на родителите во подоцнежниот живот е ограничено.

Образованието на брачниот другар е значаен фактор: повисокото образование на брачниот другар е поврзано со повисока веројатност за неактивност на жената, што може да се објасни со тоа дека образованиот брачен другар обезбедува економска стабилност, дозволувајќи и на жената да остане надвор од работната сила. Имањето невработен брачен другар, пак, значително ја зголемува веројатноста за неактивност на жената, бидејќи тоа може да ја принуди да се фокусира на домашните обврски.

Кога ги вклучивме родовите стереотипи, ставовите кон работата, и културните норми, добивме појасна слика за општествените влијанија. Посилните родови стереотипи се поврзани со поголема веројатност за неактивност, одразувајќи го влијанието на традиционалните улоги во домот. Позитивните ставови кон работата ја намалуваат веројатноста за неактивност, што укажува на тоа дека жените со посилен професионален афинитет имаат поголема веројатност да останат активни.

Дополнително, културните норми за грижата за децата и домашните обврски покажуваат значително влијание врз неактивноста, со поконзервативните ставови кои водат до повисока неактивност. Ова укажува на тоа дека длабоко вкоренетите културни вредности и очекувања ја ограничуваат активноста на жените на пазарот на трудот.

## ШТО ГИ ТЕРА ЖЕНИТЕ ДА БИДАТ НЕАКТИВНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ?

Резултатите покажуваат дека **родовите стереотипи, ставовите за работата, и културните норми поврзани со грижата за децата и домашните обврски играат значајна улога во неактивноста на жените на пазарот на трудот.** Поради тоа, во анализа користиме прегрупирани демографски променливи: возраст, образование, брачна состојба, број на деца и здравствена состојба. Овие фактори се комбинираат со четирите главни компоненти во нашиот модел.

**За жените на возраст од 18 до 34 години, само негативните ставови кон работата значително предвидуваат неактивност,** што укажува на тоа дека младите перцепции за работата влијаат на нивната активност. За овие жени, родовите стереотипи и културните норми се помалку важни, што може да се смета за позитивна промена. Во групата од **35 до 49 години, негативните ставови продолжуваат да играат улога, со поголем ефект и почнуваат да се чувствуваат родовите стереотипи,** укажувајќи на зголемен притисок. **За жените на возраст од 50 до 64 години, ставовите кон работата и традиционалните културни норми значително влијаат на неактивноста.** Конзервативните ставови во врска со домашните обврски создаваат значителен притисок, особено поради историјата на транзицијата во Северна Македонија, која оставила многу жени без работа во 90-тите години (Слика 1).

Слика 1 – Улогата на општествените ставови и културните норми во веројатноста за неактивност кај сите возрасти на жените




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на ЕИВ 2019 година.*

Слика 2 ја поврзува улогата на ставовите и нормите со неактивноста на жените во однос на нивното образование. За жените со основно или средно образование, родовите стереотипи играат важна улога, особено кај средовечните жени. Ова укажува на тоа дека тие се поприсутни кај жените со средно образование, додека жените со основно образование придаваат поголема важност на домашните обврски, како што е случајот и со постарите жени. Спротивно на тоа, за жените со терцијарно образование, влијанието на овие културни фактори значително се намалува, што укажува на помала важност на родовите стереотипи и културните норми во нивната неактивност.



Слика 2 – Улогата на општествените ставови и културните норми за веројатноста за неактивност кај сите нивоа на образование на жените




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на ЕИВ 2019 година.*

Слика 3 ја анализира улогата на културните норми и ставовите во неактивноста на жените според нивната брачна состојба. За мажените жени, родовите стереотипи и ставовите за работата значајно влијаат на неактивноста, потврдувајќи дека бракот е важен предиктор. За немажените жени, само родовите стереотипи се значајни, додека ставовите за домашните обврски не влијаат. Кај вдовиците и разведени жени, ставовите за работата и културните норми за грижата за децата се важни. Конзервативните погледи на улогата на жената во воспитувањето на децата доведуваат до поголема неактивност, особено по развод, кога децата обично живеат со мајката. Ова создава дополнителен притисок за придржување кон традиционалните улоги.

Ставовите за работата се значајни кога бројот на деца на жената не надминува две, но ефектот на неактивноста е посилен кога жената нема деца (Слика 4). Родовиот стереотип влијае на неактивноста само во домаќинствата со помалку деца, веројатно поради намалената побарувачка за традиционални улоги, што го прави ова влијание посебно видливо. Поголемите семејства, од друга страна, може да бидат повеќе фокусирани на непосредните потреби за грижа, што ја намалува видливоста на родовите норми. Културните норми поврзани со домашните обврски влијаат само во домаќинства со едно или две деца, што е најчесто во Македонија. Во таквите случаи, присуството на помалку деца го истакнува придржувањето кон културните очекувања за родовите улоги, додека во домаќинствата со три или повеќе деца, овие улоги се помалку изразени.

На крај, ставовите за работата се соодветни за неактивноста на жените на пазарот на трудот кога здравјето на поединецот е одлично или добро (Слика 5). Всушност, кога здравјето е влошено, ниту еден од ставовите не е соодветен за активноста на пазарот на трудот, што се очекува бидејќи тогаш само

Слика 3 – Улогата на општествените ставови и културните норми за веројатноста за неактивност кај различните брачни состојби на жените




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на ЕИВ 2019 година.*

Слика 4 – Улогата на општествените ставови и на културните норми за веројатноста за неактивност кај различниот број деца на жените




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на ЕИВ 2019 година.*

здравјето одредува повлекување од пазарот на трудот. Исто така, треба да се забележи дека културните норми поврзани со домашните обврски предвидуваат неактивност на пазарот на трудот само на жените со добро здравје.

Слика 5 – Улогата на општествените ставови и културните норми за веројатноста за неактивност кај различните здравствени состојби на жените




*Извор: Пресметки на авторите врз основа на ЕИВ 2019 година.*

## Заклучоци и импликации за политиката

Идентификувавме четири клучни фактори за неактивноста на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија: родови стереотипи, ставови за работата, културни норми за грижата за децата и културни норми за домашните обврски. Овие фактори значително влијаат на неактивноста на жените, при што родовите стереотипи и ставовите за работата се особено значајни.

Резултатите покажуваат дека жените во Северна Македонија имаат 8,8% до 22,3% поголема веројатност да бидат неактивни, со возраста, образованието и бракот како важни предиктори. Посилните родови стереотипи ја зголемуваат неактивноста, додека позитивните ставови кон работата ја намалуваат. Присуството на деца, исто така, игра важна улога, но не толку како специфичните културни ставови поврзани со нив.

Имајќи предвид наодите од студијата, предложуваме интегрирани политички мерки за справување со неактивноста на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија.

Прво, неопходна е зголемена поддршка за домаќинките и негувателките. Ова вклучува развивање на политики за флексибилно работно време и опции за работа на далечина, што ќе им помогне на жените да ги усогласат своите работни и семејни обврски. Исто така, важно е да се обезбедат финансиски достапни услуги за грижа за децата и да се охрабрат работодавците да спроведат флексибилни работни аранжмани. Инвестициите во објекти за грижа за деца и дневни центри, заедно со кампањи за промовирање на нивната употреба, исто така, би биле корисни. Поддршката за самохрани мајки, вклучувајќи финансиска помош и можности за стручно усовршување, ќе помогне да се намали влијанието на конзервативните културни норми.

Второ, треба да се справиме со културните пречки. Едукативните кампањи за родова еднаквост и за отстранување на вкоренетите родови стереотипи се клучни. Овие кампањи можат да се интегрираат во училишните програми и да ја поттикнат свеста за современите улоги на жените. Создавањето вклучувачка работна култура во компаниите, која промовира родова различност и еднакви можности за напредување, може да ја подобри активноста на жените на пазарот на трудот.

На крај, потребно е да се подобрат вештините и квалификациите на неактивните жени. Политиката треба да продолжи со инвестиции во образовни можности, особено во стручно оспособување и високо образование, за да се намалат образовните нееднаквости. Поддршката за жени кои примаат социјална помош, особено во маргинализирани заедници, ќе им помогне да ја прекинат спиралата на ниско образование и неактивност.

Применувајќи ги овие препораки, Северна Македонија може да се соочи со комплексните предизвици што придонесуваат за неактивноста на жените на пазарот на трудот, создавајќи поправедна работна сила која ќе може активно да учествува во економијата.

## Референци

Петрески, Б., Таневски, С. и Петрески, М. (2024) Зад завесата: културните норми, родовите стереотипи и ставовите за работата ја обликуваат неактивноста на жените на пазарот на трудот во Северна Македонија. Finance Think – Студија за политиките бр. 52.

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

**Finance Think** е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**
Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**
Да го подобриме влијанието на економските и социјалните трендови и политики врз граѓаните во Северна Македонија и регионот на Западниот Балкан, преку економски истражувања, застапување базирано на докази и водено од податоци, и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Истражувањето на Finance Think им помага на носителите на политиките, застапниците на политиките, креаторите на мислење, економските новинари и јавноста да ги разберат прашањата кои влијаат врз обичните граѓани.

Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk

British Embassy Skopje
UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

*Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Отклучување на женскиот економски потенцијал – надвор од родовите граници“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.*